# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | 075 388 783 |
| Битола | 071 223 392 |
| Македонски Брод | 078 640 786 |
| Виница | 071 213 964 |
| Валандово | 071 213 925 |
| Гевгелија | 071 224 678; 071 216 267 |
| Гостивар | 077 983 887 |
| Дебар | 071 223 768 |
| Делчево | 075 388 754 |
| Демир Хисар | 075 766 695 |
| Кавадарци | 075 388 696 |
| Кичево | 045 225 172 |
| Кочани | 071 221 580 |
| Кратово | |
| Крива Паланка | 075 388 749 |
| Крушево | 071 227 808 |
| Куманово | 031 415 799 |
| Неготино | 075 388 718 |
| Охрид | 071 221 908 |
| Прилеп | 076 232 886 |
| Пробиштип | 078 330 434 |
| Радовиш | 076 261 309 |
| Ресен | 070 481 001 |
| Свети Николе | 075 388 782 |
| Струга | 071 223 015 |
| Струмица | 071 224 526 |
| Тетово | 075 388 657 |
| Велес | 078 459 953 |
| Штип | 032 392 147; 075 388 723 |
| Карпош | 075 388 747 |
| Центар | 078 442 006 |
| Кисела Вода | 071 224 104 |
| Гази Баба | 071 213 798 |
| Чаир | |
| Шуто Оризари | |

- Здруженија на граѓани овластени за давање на бесплатна правна помош

| Име на здружение | Телефон |
|---|---|
| МКЦ - Битола | 047 233 020; 071 254 337 |
| МЗМП - Скопје | 02 3 220 870; 072 223 963 |
| Национален Ромски Центар - Куманово | 031 427 558 |
| ЕХО - Штип | 032 384 143; 070 228 282 |
| МУЛТИКУЛТУРА - Тетово | 044 377 775 |
| „ИЗБОР“ - Струмица | 075 495 470 |
| Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | 02 3 119 073; 02 3 290 469; 072 278 436 |
| Језуитска служба за бегалци - подружница Македонија | 02 3 237 299, 072 304 800 |
| Институт за човекови права - Скопје | 02 3 243 331 |
| „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“ | 02 6 139 874 |
| ХОПС - Скопје | 02 3 246 205; 075 423 316 |
| СФЕРА Интернашнл - Битола | 074 245 154 |
| Женски Форум - Тетово | 044 337 440; 044 343 410 |
| „КХАМ“ - Делчево | 071 215 356 |
| „Организација за жените на Општина Свети Николе“ | 075 310 810 |

- Правни клиники овластени за давање на бесплатна правна помош

| Име на правна клиника | Телефон |
|---|---|
| Правен факултет - УГД, Штип | 032 550 450; 032 550 477 |
| „Центар за Правна клиничка едукација по казнено право“, Правен факултет, УКИМ, Скопје | 02 3 117 244 |
| „ЕМИНЕ ЗЕНДЕЛИ“, Правен факултет, УЈЕ, Тетово | 044 356 133 |
| Правна клиника за ранливи групи, Правен факултет, УКИМ, Скопје | 02 3 226 023 |
| Правна клиника „Американ Колеџ“, Факултетот за правни, Универзитетот Американ Колеџ – Скопје | 02 2 463 159 |
| Правна клиника, Правен факултет Кичево, УКО – Битола | 045 220 267; 047 221 115 |
| Правна клиника, Правен факултет, Меѓународен Балкански Универзитет | 077 761 999 |
| Правна клиника, Правент факултет, при Универзитетот Тетово | |

Република Северна Македонија
Министерство за правда

ЕУ со ТЕБЕ

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

МКД

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа



# ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

## ШТО Е БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Бесплатната правна помош го олеснува пристапот до правда за лицата кои поради материјалната положба не се во можност да ги остварат своите права и интереси.

Бесплатната правна помош опфаќа правна помош финансирана од страна на државата како и ослободување од плаќање на трошоци за водење на одредени постапки.

Бесплатната правна помош е воспоставена и уредена со Законот за бесплатна правна помош од 2019 година.

Бесплатната правна помош се остварува како примарна и секундарна правна помош.

## ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ** вклучува правно информирање, советување, упатување како и помош при пополнување на одредени формулари и претставки.

Примарна правна помош можат да користат сите физички лица кои имаат живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

Примарна правна помош даваат подрачните одделенија на Министерството за правда, овластени здруженија и овластени правни клиники.

## СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ** се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано.

### Што опфаќа секундарната правна помош?

- правна помош од адвокат;
- ослободување од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд;
- ослободување од трошоците за вештачење;
- ослободување од административни такси;

Секундарната правна помош не ги опфаќа трошоците кои корисникот на бесплатна правна помош е должен да ги надомести на спротивната страна ако не успее во постапка.

### За кои постапки може да се одобри секундарна правна помош?

Секундарна правна помош може да се одобри за застапување во сите степени во граѓански судски постапки, управни постапки и управни спорови. Правните прашења може да се однесуваат на имотот, работата, семејството, социјалното осигурување и социјаланат заштита освен за одредени области кои се изземени од бесплатната правна помош.

Секундарна правна помош нема да се одобри за: царински и даночни работи; клевета и навреда; надомест на нематеријална штета, освен во случаи за жртви на кривични дела, како и во случај на смрт или тежок инвалидитет; прекршоци; јавни и комунални услуги; и имотни прашања во управна постапка.

### Услови за одобрување секундарна правна помош

Секундарна правна помош ќе се одобри доколку:

- Месечниот приход на барателот кој живее сам да не го надминува износот на минималната нето плата, а доколку живее во заедничко домаќинство да не го надминува износот на минималната нето плата и месечниот приход на секој нареден член на семејството не го надминува износот од 20% од минималната нето плата
- Барателот и членовите на неговото/нејзиното семејство имаат во сопственост само еден едностамбен објект или стан како посебен дел од зграда во кој живеат. Покрај станот во кој живеат имаат во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 300 m² во Град Скопје или 500 m² во општините во Република Северна Македонија, односно една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 m² во рурални средини. Дополнително, може да имаат само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1 200 кубни сантиметри.
- Барањето е оправдано.

### Одобрување секундарна правна помош без проверка на финансиската состојба

Секундарна правна помош ќе се одобри без утврдување на финансиската состојба во следните случаи:

- барателот е сместен во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита, со решение на Центар за социјална работа (во натамошниот текст: посебни околности),
- барателот има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд, или
- барателот поради елементарна непогода, виша сила или други околности кои се надвор од негова контрола се најде во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права

### Кој одлучува за одобрување секундарна правна помош?

Секундарна правна помош одобруваат овластени службени лица во подрачните одделенија на Министерството за правда врз основа на поднесено барање и направена проверка на исполнувањето на условите.